**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И**
**АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 бр.** 08-331
17.10. **2023 година**
**Скопје**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21 и 154/23), член 10 став 5, член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 г. и член 9 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр.124/15), а во врска со член 94 став 2 од истиот Закон, по повод Заклучокот арх.бр.02-3637/3 од 09.10.2023 г. и Известувањето арх.бр.10-3676/2 од 13.10.2023 г., Советот на Агенцијата, на 33-та седница одржана на 16.09.2023 г., согласно Предлогот Уп1 бр.08-331 од 13.10.2023 г. и Заклучокот арх.бр.02-3741/2 од 17.10.2023 г., донесе

**Решение**
**за продолжување на рокот за одлучување**
**по покрената постапка за одземање на дозвола**

1. СЕ ПРОДОЛЖУВА рокот (19.10.2023 година) за донесување одлука на Советот на Агенцијата по Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип Уп1.бр.08-331 од 05.10.2023 година, за не подолго од 30 (триесет) дена, поради сложеноста на предметот, односно спецификите на вонредниот програмски надзор кој треба да се изврши за да се провери дали радиодифузерот ги отстранил законските пречки за вршење на дејноста.

2. Решението се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Ова решение е конечно и влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 32-та седница одржана на 09.10.2023 г., по Предлог Уп1 бр.08-331 од 05.10.2023 г., на д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата, за повреда на член 68, во врска со член 3 став 1 точка 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), донесе Заклучок арх.бр.02-3637/3 од 09.10.2023 г. согласно кој се покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, Уп1 бр.08-64 од 05.01.2015 г., продолжена со Одлука Уп1 бр.08-258 од 15.08.2023 година.

Агенцијата до ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип испрати Известување Уп1 бр.08-331 од 09.10.2023 г. дека е покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување (поради констатирани законски пречки за вршење на дејноста - обезбедување емитување на еден/единствен програмски сервис емитуван како целина од програми и други елементи на

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

една единствена аудио медиумска услуга на подрачјето на кое му е доделена дозвола – целата територија на Република Северна Македонија). На радиодифузерот му се наложи веднаш да го усогласи работењето со ЗАВМУ, односно да ги отстрани законските пречки за вршење на дејноста, како и се извести дека во спротивно Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата (Уп1 бр.08-331 од 05.10.2023 г.), ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, Уп1 бр.08-64 од 05.01.2015 г., продолжена со Одлука Уп1 бр.08-258 од 15.08.2023 година.

Согласно член 83 став 3 од ЗАВМУ, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на директорот за покренување постапка за одземање на дозволата, да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, односно најдоцна до 19.10.2023 година.

На 13.10.2023 г. Секторот за програмски работи до Директорот на Агенцијата достави Известување арх.бр.10-3676/2 од 13.10.2023 г. во кое беше наведено дека е потребно да се направи нов вонреден програмски надзор за да провери дали радиодифузерот ги отстранил законските пречки за вршење на дејноста и тоа преку неколку фреквенции што ги користи радиодифузерот за да ја покрие целата територија на Државата, што подразбира да се организира снимање, да се преслуша, анализира и соодветно да се регистрира секоја секунда од емитуваната програма. Самата компаративна анализа по добивањето на снимките од програмата, поради сложеноста, ќе трае многу подолго од другите програмски надзори што ги спроведува Агенцијата, така што надлежниот сектор извести дека нема услови овој надзор да се заврши пред рокот во кој Советот на Агенцијата треба да ја донесе одлуката по покренатата постапка.

По повод цитираното Известување, Директорот на Агенцијата до Советот на Агенцијата достави Предлог Уп1 бр.08-331 од 13.10.2023 г., за донесување решение за продолжување на рокот за одлучување по покрената постапка за одземање на дозвола.

Согласно член 9 од Законот за општата управна постапка (ЗОУП) кога јавните органи решаваат во управни работи, сервисно се ориентирани кон остварувањето на правата и интересите на странките.

Во член 94 став 2 од ЗОУП е пропишано дека продолжувањето на рокот во првостепената постапка е допуштено за периодот што е потребен да се заврши постапката, во зависност од сложеноста на предметот, но не може да биде подолго од 30 дена.

Имајќи го предвид наведеното, поради сложеноста на предметот, односно спецификите на вонредниот програмски надзор кој треба да се изврши за да се провери дали радиодифузерот ги отстранил законските пречки за вршење на дејноста, а согласно начелото на сервисна ориентација на јавните органи, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10[2] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 10 став 5, член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата (Пречистен текст) и член 9 од Законот за општата управна постапка, а во врска со член 94 став 2 од истиот Закон, по повод Заклучокот арх.бр.02-3637/3 од 09.10.2023 г. и Известувањето арх.бр.10-3676/2 од 13.10.2023 г., Советот на Агенцијата, на 33-та седница одржана на 16.10.2023 г., согласно Предлогот Уп1 бр.08-331 од 13.10.2023 г. и Заклучокот арх.бр.02-3741/2 од 17.10.2023 г., донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

________________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1.

---

[2]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).